*Д-р Александар АПОСТОЛОВ*

# ОСВРТ ВРЗ АЈДУТСТВОТО И АРАМИСТВОТО ВО ЗЛЕТОВСКО

Првата и најпродолжителна форма на отпор на христијанското население против турските зулуми беше ајдутството. Тоа се јавува во сите земји каде што владеела Турција. Ајдутството станувало масовно особено во времето кога Турција била зафатена во војна и кога внатрешната безбедност била сосема слаба. Но и во време на мир ајдутството не престанувало да биде излив на незадоволство, што преминувало во бунт и вооружен отпор против неправдите што одделни лица или турскиот феудален систем ѝ ги нанесувале на рајата.

Поводите за да се одметнат одделни лица од власта, да ја фатат гората и со оружје в рака да им се одмаздуваат на народните душмани, биле најразлични. Најчесто тоа било убиство што Турците го извршиле на близок роднина на одметникот, насилно потурчување на сестра, посегнување врз честа на домашните и блиски роднини, навредување на личното достоинство на побудните и побујни поединци, кои не сакале да се помират со таквата своја положба, па се одметнувале и станувале ајдути.

Во пишаните историски извори, во народните преданија и во песните, ајдутите се спомнуваат пред сѐ како закрилници, заштитници на народот, бранители на својот крај од турските зулуми и страв и трепет за турските зулумџии.

Ајдутите оделе во дружини од по десетина и повеќе луѓе, но кога анархијата во Турција се зголемувала имало ајдучки дружини составени и од неколку стотини души.[1])

На чело на ајдучката дружина стоел арамбаша или војвода. Нему му биле апсолутно потчинети луѓето од дружината, бидејќи дисциплината била главен услов за одржување на четата и за нејзиното успешно дејствување. Не се ретки случаите, особено во историјата на македонското ајдутство, на чело на четата да стои жена како војвода.

---

[1]) Историја на македонскиот народ — книга I, Скопје, 1969, стр. 270.

Во Источна Македонија, особено во Осоговскиот крај, природните услови за дејствување на ајдутите биле мошне погодни. Обраснати со густи и непреодни гори, беспатните Осоговски Планини биле идеални засолништа и бази од каде ајдутите тргнувале во походи по долината на Крива Река и сливот на Брегалница. Можеби заради овие погодности тука најнапред се јавило ајдутството во Македонија, барем според најстариот засега познат извор што потекнува од 1502 година. Во една султанска заповед од оваа година се спомнува дека штипскиот кадија фатил 6 души ајдути и ги казнил со смрт.[2])

Дека ајдутството се засилувало и омасовувало низ идниот век и дека тоа било прифатено од потиснатата раја од овој крај, преку кое таа вршела одмазда врз омразените „јанкесеции" Турци, ни потврдува уште еден податок од 1618 година. Овој документ — пак во вид на султанова заповед — се однесува на калуѓерите од Лесновскиот манастир и некои други манастири, кои не само што укривале и лекувале ајдути, туку заедно со нив оделе во акција. Документов гласи:

„До кадијата на Кратово . . .

Свештениците (калугери) од манастирите *Лесново* (подвлекол — А. А.), Крива Река и Трново . . . се соколари.[3]) Бидејќи санџакбеговите, војводите, субашиите и кадиите[4]) не се мешаат (во нивните работи) некои од нив, свештеници — ајдути и арамии не само што се здружиле со арамиите кои се наоѓаат во нивната околина, па слегуваат по патиштата и теснеците, и освен што ги убиваат патниците, како и другите минувачи, (туку) им ги лекуваат и раните на ранетите арамии, ги чуваат арамиите и ги снабдуваат со храна. Никогаш нема крај на ваквите нивни злосторства и разбојништва.

Поради тоа сум заповедал спомнатите манастирски свештеници кои прават престапи и злосторства да се фатат, да се доведат и сходно со Шеријатот (турски верски законски пропис — А. А.) да се извидат нивните постапки, како и да се изврши правдата . . .

И ти, спомнатиот Хасан (се однесува на кратовскиот кадија — А. А.), нека ти потрае честа, спомнатите манастирски свештеници кои

---

[2]) Исто.

[3]) Во првите векови од владеењето на Турците, некои христијански села, а во овој случај и манастири, биле задолжени да вршат специјални служби. Селата што биле покрај клисурите (дервени), биле задолжени да го обезбедуваат преминувањето на патниците и војската, а некои села биле задолжени да одгледуваат соколи (догани, на турски јазик) и да ги обучуваат за лов на птици, со што се занимавале крупните турски феудалци (спахии) и султанот со својата придружба. Па и калуѓерите од Лесновскиот манастир биле „доганции", како што може да се види од овој документ. Граничното село со Злетовската област Соколарци секако го носи ова име поради тоа што е сврзано со ваквата служба на неговите селани уште од преттурскиот период кога и тогашните феудалци, христијани, оделе на лов со соколи. Дервенциите, доганциите и други имале извесни привилегии во однос на другата раја.

[4]) Титули и називи за турски воени, административни и судски функционери.

се здружиле со арамиите и вршат злосторства, приведи ги кон чесниот Шеријат. Ако побегнат, заповедај да ги пронајдат гарантите, кои сходно со Шеријатот, треба да ги најдат . . . Ако се утврдат и констатираат нивните разбојништва и злосторства: дека по изложениот начин биле здружени со арамиите, ги лекувале раните на ранетите арамии и ги снабдувале со храна, и ако треба за нив да поднесат извештај, затворете ги строго и соопштете. Ако не е потребно, извршете таква казна, каква што заслужуваат сходно Шеријатот . . .“ (24 февруари 1618 година).[5])

Ајдутите и разбојниците во овој крај станале пречка и проблем за безбедното движење по најкусиот пат Скопје—Софија и обратно за трговијата и за турската војска. „Порано горната криворечка клисура била дива и непреодна; столетните гори правеле засолништа на ајдути и разбојници. Патот минувал по страните на Лисец, од левата страна на Крива Река.“

Како последица од ајдучката дејност селското производство опаднало, а рудниците околу Крива Паланка престанале да работат. За обезбедувањето на овој пат Турците биле принудени да изградат тврдина до самата река. Први податоци за новопостроената тврдина во таа клисура ни дава познатиот турски патеписец од XVII век — Евлија Челебија. „Тврдината (Хисар) Егри-дере, Бајрам-паша е изградена во 1636 година од везирот на султанот Мурат-хан IV, Бајрам-паша.

Тука е страшна непроодна клисура — непроодна од ајдуци.“[6])

Овој крај не само што изобилствувал со природни погодности за антифеудалната дејност на тамошното население, туку не му недостигале и луѓе одметници и бунтовници. Притиснати од феудалните спахиски давачки и од присилната и тешка работа во рудниците што се експлоатирале од турската држава, калуѓерите од Лесновскиот манастир и населението од околината се оддавале на ваква разурнувачка дејност за царството. Ваквата дејност преминала во масовно движење кон крајот на XVII век, кога на чело на ова движење се ставил легендарниот Карпош, кој, користејќи ја Турско-австриската војна, кренал востание против Турците во 1689 година.[7])

Ајдутството ја продолжило својата активност во Македонија дури до крајот на XIX век, претворајќи се повремено и во арамиство, кога борбата на поединци и групи е подведена и осмислена од Тајната македоно-одринска револуционерна организација, чии темели се удрија во Солун 1893 година.

---

[5]) Душанка Шопова, Македонија во XVI и XVII век, Документи од цариградските архиви, (1557—1645), Скопје 1955, стр. 91—92.

[6]) Историја на македонскиот народ, книга I, стр. 274.

[7]) За ова види опширно, Душанка Бојаниќ — Лукач, Карпошев покрет, (доктор. дис. во ракопис во Библиотеката на Катедрата за историски науки при Филозофскиот факултет во Скопје).

За ајдучкото движење во Осоговијата, односно во Злетовската област, имаме бројни пишани и уште повеќе усни податоци (во чија сигурност нема никакво сомневање), од периодот пред, во времето и по Руско-турската војна (1877/78 година), кога народите од Балканот, кои сè уште се наоѓале под турско ропство, сметаа дека е дојден часот за нивното конечно ослободување.

Поновото, а особено најновото ајдутство, имаше и изразити елементи на арамиство, бидејќи бројните борци, припадници на повеќе дружини, немаа единствен идеен раководен центар, па секоја дружина имаше и свој метод на дејство, во зависност од својот водач и составот на луѓето во неа.

И додека Иљо Марков (дедо Иљо) војвода малешевски[8]) имаше контакт со ослободителните движења на Србија и Бугарија, и земаше активно учество во нив, Румена Војвода[9]) и другите што се движеа во овој крај ќе дејствуваат или само на својот терен или, (ако се арамии), своите походи ќе ги пренесат и во подалечни реони од Злетовската област.

---

[8]) Најстар и најпрославен водач на македонските ајдуци од поново време бил Илија Марков или по популарното име познат во народот дедо Иљо Малешевски. Роден во Берово во почетокот на XIX век, Иљо станал ајдук откога Турците му го убиле брат му Станко во 1848 година. Тој собрал чета што по едно време се зголемила на 300 души. Со четата, главно, дејствувал во Осоговските Планини. По 1855 година дошол во Ќустендил и се легализирал, а потоа пак станал ајдутин. Во времето на Руско-турската војна Иљо со својата чета се биел против Турците. Заради учеството во бунтот на Србите 1862 година кога се наоѓал во Белград, добивал пензија од Србија, а заради учеството во борбата за ослободување на Бугарија и од неа добивал пензија. Потоа се настанил во Ќустендил каде умрел во 1898 година на 93-годишна возраст.

[9]) Румена Војвода со својата дружина одела по Осоговијата меѓу 1856—1860 година. Таа била родум од Ѓуешево. Стрелала одлично со пушка: удирала со куршум во јајце, јаболко симнувала од глава на човек. По надворешен изглед повеќе личела на машко. На Турците многу им се допаднала, па дури паланечкиот кајмакам ја грабнал и сакал да ја потурчи, но бил принуден да ја ослободи заради бунтот на селаните. Таа била омажена во Ќустендил. Имала врска со ајдуците. Кога една турска чета војници пристигнала дури од Ниш во потера по Иљо Малешевски, ја фатиле Румена и ја тепале среде село за да ги предаде ајдутите. Додека ја тепале молчела. Кога станала, гордо се исправила и рекла: „Има да видите . . .“ На Румена особено подејствувала една случка пред самата нејзина куќа. Дошла чета на Иљо Малешевски од 170 души, предводена од бајрактарот Стоимен, ја запалила девебаирската кула, убила 3 Арнаути што ги фатила во Ќустендил и се вратила со песни накај „Калин Камен“.

Повод Румена да стане ајдутка било убиството на некое Турче, кое се скарало со Румена за сено, Румена го остава четиригодишниот син Андон и исчезнува. Другар на Румена станал ковачот од с. Ркрла. Се побратимиле и заедно ајдукувале. Дружината на Румена се состоела од 15—16 момчиња, главно собрани од Ќустендилскиот и Паланечкиот крај. За нејзиното гонење доаѓал аскер дури од Битола. Безмилосно ги сечела агаларите и се судрувала со булукбашите. Дружината ја викала „планинска царица“. — Ефрем Каранов, Румена Војвода, стр. 19. Цитирано според Йордан Иванов, Северна Македония, София 1906, стр. 305—306.

Дека Иљо Малешевски дејствувал и во Кратовско-паланечкиот крај, се зборува и во народната песна: „Ајде ред се редат, мамо, кочанските сејмени . . .", каде што се спомнува дека сејмените го бараат Иљо, арамија покрај Крива Река, а тој се наоѓал во Солуна града.

Румена Војвода главно дејствувала во Ќустендилско-кривопаланечкиот планински крај, но вршела повремени походи со својата дружина и во Кратовско-злетовската област.

Така, според Ефрем Каранов, еден ќустендилски трговец бил опколен од дружината на Румена на Печеници.[10])

Во Јамишката Планина таа ги фатила кај местото „Ненива воденица" Анастаса (Абазов) и Јосифа, деца на имотните селани Крсто и Анастас, од Зелени Град. За да ги откупат децата овие дале 7 ќесиња пари (едно ќесе 1.000 турски гроша).[11])

Меѓу најстарите ајдуци што народот ги запомнал и во песна ги опеал од Злетовската област се Милос од Злетово и Наца Петкова Гуцева, од с. Древено.

Пред ослободувањето на Бугарија, Милос Петров од Злетово се одметнал од турската власт. Повод за неговото одметнување бил што некое Турче од Злетово убило некое христијанче од истото село, а Милос го убил Турчето. Милос одел сам или пак со Гуно од Луково, со Пешо од Злетово, како ајдутин по „Валуек", „Мелиште" по Лесновскиот и Луковскиот синар.

За Турците од Злетово Милос бил страв и трепет, па не смееле дури да му напакостат на семејството. Интересно е што и Тасе, еден од синовите на Милоса, станува ајдутин. Тој, по ослободувањето на Бугарија, нелегално го преведува својот син Јован, кој неколку години учел во Бугарија, а потоа, откога зел „чесен збор" од злетовските Турци дека ако го врати Јована од Бугарија нема ништо лошо да му сторат, го вратил детето, но Турците го тепале Јована. Тогаш Тасе им пратил порака на Турците дека ќе го изгоре Злетово, но тоа не го сторил благодарејќи на христијаните што го одвратиле од таа намера.

[10]) Месност близу до Кратово, во непосредна близина до Злетовската област. Еве што вели фатениот трговец за Румена. „Кога шетавме на Печеници се слушна свиркање и „фрп" . . . Истргање на ножови од лево и од десно; се најдовме опколени од 15—16 души. На сред патот застана еден млад со гола сабја . . . Косите му беа расплетени и му висеа на градите од двете страни на главата; главата му беше забрадена со црвена шамија по женски, беневреците му беа од бел шајак со црвени гајтани; чепкен до појасот од бел шајак со црвени ширити, разотворени ракави; на левото му рамо — црна ресичка; силавот надвиснал над појасот. Тоската му беше куса и кирјосана. Ние се сетивне дека е Румена . . . Побара тутун, ја разврза шамијата од главата, ја наполни со нашите тутунски кесиња, ги однесе и ги раздаде на дружината. Потоа се сврти кон нас и ни рече: „Одете си!" и ние тргнавме." Йордан Иванов, цит. дело. Потоа Румена била убиена од своите другари кога настапиле караници во дружината.

[11]) Според кажувањето на Димитар Гичев, налбатин од Злетово. Анастас Абазов потоа се преселил во Злетово и бил најимотен христијанин во Злетово и член на ВМРО уште пред Илинденското востание. Син му Славко бил пунктов началник на ВМРО и кратовски војвода пред балканските војни.

Во една борба со Турците Тасе бил ранет и предаден од некој Луковец, па Турците го убиле.[12])

„Кога започнала Српско-црногорско-турската војна 1876—78 и потоа Руско-турската 1877/78 . . . во Кратовската област . . . започнаа да се собираат и договараат за едно општо народно движење. Веднаш потоа започнаа да се приготвуваат секири, да се точат ножови и да се чистат стари пушки. На чело на ова движење се истакнуваат во планинските села два човека — Марко и Никола Сакулички. Обајцата организираат ајдучки и востанички чети, кои започнаа да напаѓаат и убиваат одделни Турци. Овие чети толку се засилија што доаѓаа во лозјата, палеа огнови, печеа овци, пукаа пушки и се веселеа, а Турците беа бессилни да им се спротивстават на комитите."[13])

Бројот на ајдутите и арамиите во Злетовската област се намножил толку, што нивните подвизи станале општо извесни и народот ги опеал во песни. Таква една песна на авторот на овој труд, во 1971 година, му ја испеа Маца Манева Зафирова, на 102 години возраст, родена во с. Лесново, а живее во с. Марчино. Еве како гласи песната:

„Зелена горо, блажена,
Зиме си пуна и лете.
Зиме си пуна ловџии,
Лете си пуна ајдуци,
Ајдуци та па кумити.
Најнапред беше, минеше Коле Капетан,
По него беше Марко војвода.[14])
По него беше Дивит Стубоуски (од фамилијата Петковци).
По него Јане Гајранче
По него Ило Беровче,
По него Јован Јамишки,
Милос Злетовски,
Тимчо Древенски,
Тасе Лесновче
Југрин (Гуно) Луковски,
Тоне Кавракчи,
Наун Кнежевски,
Сите се гора собраа
До свака бука и јунак.
На свака дуња и гуња.
На свака крушка и пушка.
На свака шумка крушумка."

„Оваа песна сум ја чула и пеела уште како дете", вели баба Маца.

[12]) Според кажувањето на злетовци: Васил Лазов, Димитар Гичев, пок. Стојан Јосифов, од Горни Стубол и внукот на Тасета, Миле Милосов, од Злетово.

[13]) Стеван Симић, Историја Кратовске области, . . . стр. 173.

[14]) Ова се однесува за браќата Марко и Коле Сакулички. Марко е познат во историјата на македонскиот народ како пунктов началник на ВМРО во Ќустендил, преку кого Гоце Делчев испраќал оружје, литература, писма и луѓе од Бугарија за Македонија. Види, од Љубен Лапе, Писмата на Гоце Делчев . . .

Спомнатите ајдути и арамии биле современици на Иљо војвода „Беровче", како што се наречува во песната. Според тоа секако некои од спомнатите ајдути од Злетовската област биле негови современици, а можеби и придружници, кога тој поминувал низ овој крај, пред, во време и по Руско-турската војна.

За сите спомнати комити старите луѓе од овој крај знаат да раскажат по нешто од нивната активност, што чуле од своите постари.

Така, на пример, за Наунчета од Барбарево и за арамиите се раскажува следново:

Наунче имал многу убава сестра. Неа ја грабнал некој Турчин од с. Стрисовци и со неа имал дете. Наунче, не можејќи да го поднесе овој срам на времето, отишол на нивата каде жнеел Турчинот и сестра му, со секира го убил и зетот и детето (внукот), ја зел сестра си и ја одвел во Куманово кај архиерејскиот наместник, а овој ја омажил за христијанин. Потоа Наунче отишол во „Црни Врв" и се придружил кон дружината на Марко и Коле Сакулички.

Ајдутите арамии од оваа дружина носеле пушки кременлии и сабји. Собирале од беговските кули жито и го складирале во с. Петршино во два амбара. Еднаш се собрале во Петршино околу 150 души арамии. Според имотната состојба им наложиле на петршани да дадат пари. Собрале наводно два товара пари. Имало и турски златни лири. Зеле и еден товар облека. Го фатиле некој Василко (можеби на Илија Василев татко му) и од татка му Ѓорѓија барале да донесе откуп на соборот на „Мала Богородица" во Лесновскиот манастир.

Некој Али Чауш, со турска војска, се борел со арамиите кај Зелени Град и во таа борба загинал. Тоа место и денеска го носи називот „Али Чауш". Во таа борба „киднапираниот" Василко избегал.[15])

Познати арамии биле уште Мицо од Глобица, Велко од Лепопелци[16]). За не многу славни потфати на арамиите народот од овој крај запомнал и повеќе поединости, каква што е следнава:

Марко Сакулички дошол со својата дружина, во која се наоѓал и некој јамиштанец, во с. Добрево. Сестра му на овој јамиштанец, која била мажена во Добрево, гоословила овега со „брате." Тој рекол: „Не сум ти брат." Дружината дошла од с. Немањинци. Таму „печеле" некој поп. Зеле 300 рала чорапи и друга облека. Ги носеле на коњи. „Дошле кај баба ми, раскажува Сенто Златков, од с. Добрево, за која дознале дека има пари. Го врзале татко ми Ангел и го терале до Којково. Домашните морале да продадат добиток, собрале 300 гроша пари и го откупиле. Откога се вратил, дошле Турци во селото и го прашале каде го терале арамиите. Тој кажал дека му ги врзале очите и не знаел

---

[15]) На авторот ова му го раскажа Гаврилов Саздо, од. с. Неокази.

[16]) Податоци од Тасе Тод. Спасов, од Ратавица, роден 1868 г.

каде го терале. Баба ми ја печеле по мевот со вжештен вршник од што умрела. Умрела и првата жена на татко ми од страв."[17])

Арамиите воделе борба со турскиот аскер во „Оцин Камен".[18])

Од подоцнежните арамии се спомнуваат уште Аралампи и Анастас од с. Јамишта. Тие заедно со Марко и Коле Сакулички го убиле бегот од Туралево и му зеле пари.

Еднаш, околу 20 арамии отишле во Петршино и го мачеле населението, барајќи да им даде еден шиник пари. Зеле од куковскиот бег 20 коњи.[19])

Меѓу ајдутите и арамиите од овој крај била мошне позната ајдутката Наца Гуцева.

Според раскажувањето на некои стари луѓе, Наца била принудена да стане ајдутка заради насилништвото на некој бег. Таа 10—12 години одела со дружина.[20]) Наца со својата дружина одела дури во Драмско и Кавалско, каде вршеле обири. Во Стара Планина ги разбила турска војска и таа се префрлила во Скопје. Се главила кај некој Турчин да му биде сеиз. Била облечена во пантолони — Турчинот ја викал Наце (машко име). Еден селанец од Древено, кој однел да продава воденички камења во Скопје, кога сакал да ги напои воловите на една чешма, Наца му удрила шлаканица велејќи: „А бре, древенски шлакутар." Кога селанецот се вратил во Древено, раскажал дека некој Турчин го удрил, „ама ми се чини дека е наша Наца." Потоа Наца решила да се врати во селото и да се омажи. Кога дошла во Древено кај татка си, го прашала: „Имаш ли настрана твој човек." — „Имав ќерка, но одамна забегна", одговорил татко ѝ. Тогаш се препознале. Никој не сакал да ја земе за жена, не смеел. Потоа се омажила за Нако од Калништа. Купила имот. Имале два сина, едниот ѝ го убиле.[21])

За ајдути од овој крај, кои по Руско-турската војна се изметнале во арамии, цитираниот веќе Стеван Симиќ, го вели ова: „Но за кратко време овие чети се изметнаа во обични, ограбувачки банди, кои започнаа да напаѓаат и на Турци и на христијани. Од тоа време останаа многу лоши спомени во народот . . . Народот не беше во состојба сам да се брани од ваквите востаници, а на турската власт ѝ беа врзани рацете бидејќи тогаш воопшто немаше војска во градот и околијата."[22])

За потврда на горното нека ја приведеме и оваа констатација:

---

[17]) Ова на авторот му го раскажа во 1971 година Сенто Ангелов Златков, од с. Доброво, роден 1883 година.

[18]) За ова раскажува Стојанов Д. Стојче од с. Горни Стубол.

[19]) Раскажува Сене Тиров Димишков, од с. Пробиштип.

[20]) Раскажува Наун Божинов Трајчов, од с. Древено.

[21]) За ова на авторот му раскажа Сене Нанев Мијалков, роден 1900 година, од Калништа. Тој во 1916 година бил овчарче кај Наца во Калништа, кога таа имала 80 години. Од неа разбрал за раскажаното.

[22]) Стеван Симић, Историја Кратовске области, стр. 173.

„Засилувањето на арамиството во 80-те години од XIX век ги опфати и краиштата на Источна Македонија, особено оние што биле поблизу до турско-бугарската граница (каква што е Злетовската област — А. А.), биле изложени на напади од страна на разбојници од македонска народност, кои се криеле во Бугарија и оттаму слегувале да ограбуваат, во Македонија. Вистина, тие ги напаѓале главно богатите турски селани, но турските потери и воените одреди по селата на Источна Македонија редовно ги обвинувале мирните македонски села дека наводно стојат во врска со разбојничките банди, па повеќе ги гонеле мирните селани отколку разбојниците, често уценувајќи и затворајќи ги . . .“[23])

Тајната македоно-одринска револуционерна организација ѝ стави крај на активноста на арамиските дружини, а некои нејзини членови станаа одлични револуционери.

*D-r Aleksandar Apostolov*

## VUE RÉTROSPECTIVE SUR LE MOUVEMENT DES „HAJDUKS“ ET SUR LE BRIGANDAGE DANS LA RÉGION DE ZLETOVO

### Résumé

Dans ce bref supplément, se basant sur des données orginales publiées ou non, se basant aussi sur les témoignages de contemporains et sur les chants parlant des „Hajduks“ et des brigands de cette région l'auteur a essayé de donner une vue rétrospective sur cette forme de résistance passive et active au joug turc.

Dans ce supplément l'auteur commente l'activité du célèbre combattant pour la liberté nationale de la Macédoine de l'est, Iljo Markov — voïvode de Maleševo, et l'auteur parle aussi du Voïvode Rumena du village de Gouechevo, région de Kustendil. Ceux-ci, d'après des données originales écrites, d'après les chants qui maintenant encore sont chantés par le peuple et d'aprés les témoignages de personnes âgées de cette région, ont agi, avec leurs compagnies armées, même dans le région de Kratovo et Zletovo.

Ce qui est tout à fait nouveau et inconnu jusqu' á maintenant dans notre littérature historique, c'est l'activité de la „Hajduk“ Nada Goutseva, du village de Dreveno près de Zletovo, qui pendant dix ans a été membre de la compagnie de „Hajduks et Arami“ qui parcourait toute la Macédoine de l'est, pour ensuite, en tant que déjà célèbre Sirma Voïvoda, se consacrer à une vie tranquille et paisible.

---

[23]) Историја на македонскиот народ, II, Скопје 1969, стр. 111—112,

De plus, l'auteur constate dans son exposé, sur la base des témoignages oraux de personnes, aussi bien que se basant sur des sources non publiées, qu'au mouvement „Arami" (brigandage) dans la région de Zletovo ont pris part un grand nombre de personnes, mécontents du joug turc.

Par une telle forme de résistance active ces groupes de brigands „Arami" ou certains particuliers se vengeaient des oppresseurs turcs connus, les assassinant ou leur volant leurs biens.

Par la formation de l'Organisation Macédonienne secrète, le mouvement des „Arami" a été interrompu, mais certains de ces „Arami" se sont mis à la disposition de cette organisation et l'ont servie fidèlement, utilisant leur expérience du combat leur pratique de la conspiration, leurs relations avec des recéleurs et leur audace; mais etant alors des patriotes et des membres d'une Organisation qui avait sa constitution, son idéologie et sa force guerrière, telle qu'était V.M.R.O.